УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

UDC 81
UDC 82
UDC 008

ISSN: 2545-3998
DOI: 10.46763/palim

ПАЛИМПСЕСТ

МЕЃУНАРОДНО СПИСАНИЕ ЗА ЛИНГВИСТИЧКИ, КНИЖЕВНИ И КУЛТУРОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

PALIMPSEST

INTERNATIONAL JOURNAL FOR LINGUISTIC, LITERARY AND CULTURAL RESEARCH

PALMK, VOL X, NO 19, STIP, 2025

ГОД. 10, БР. 19
ШТИП, 2025

VOL. X, NO 19
STIP, 2025

П А Л И М П С Е С Т

Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања

P A L I M P S E S T

International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research

Год. 10, Бр. 19
Штип, 2025

Vol. 10, No 19
Stip, 2025

PALMK, VOL 10, NO 19, STIP, 2025

DOI: https://doi.org/10.46763/PALIM251019

ПАЛИМПСЕСТ
Меѓународно списание за лингвистички, книжевни
и културолошки истражувања

ИЗДАВА
Универзитет „Гоце Делчев“, Филолошки факултет, Штип

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
Ранко Младеноски

УРЕДУВАЧКИ ОДБОР
Виктор Фридман, Универзитет во Чикаго, САД
Толе Белчев, Универзитет „Гоце Делчев“, Македонија
Нина Даскаловска, Универзитет „Гоце Делчев“, Македонија
Ала Шешкен, Универзитет Ломоносов, Руска Федерација
Олга Панкина, НВО Македонски културен центар, Руска Федерација
Астрид Симоне Хлубик, Универзитет „Крал Михаил I“, Романија
Алина Андреа Драгоеску Урлика, Универзитет „Крал Михаил I“, Романија
Сунчана Туксар, Универзитет „Јурај Добрила“ во Пула, Хрватска
Саша Војковиќ, Универзитет во Загреб, Хрватска
Шандор Чегледи, Универзитет во Панонија, Унгарија
Ева Бус, Универзитет во Панонија, Унгарија
Хусејин Озбај, Универзитет Гази, Република Турција
Озтурк Емироглу, Универзитет во Варшава, Полска
Елена Дараданова, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Република Бугарија
Ина Христова, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Република Бугарија
Џозеф Пониах, Национален институт за технологија, Индија
Сатхарај Венкатесан, Национален институт за технологија, Индија
Петар Пенда, Универзитет во Бања Лука, Босна и Херцеговина
Данило Капасо, Универзитет во Бања Лука, Босна и Херцеговина
Мета Лах, Универзитет во Љубљана, Република Словенија
Намита Субиото, Универзитет во Љубљана, Република Словенија
Ана Пеличер-Санчез, Универзитет во Нотингам, Велика Британија
Мајкл Грини, Универзитет во Нотингам, Велика Британија
Татјана Ѓурин, Универзитет во Нови Сад, Република Србија
Диана Поповиќ, Универзитет во Нови Сад, Република Србија
Жан Пол Мејер, Универзитет во Стразбур, Република Франција
Жан Марк Веркруз, Универзитет во Артуа, Република Франција
Регула Бусин, Швајцарија
Натале Фиорето, Универзитет во Перуџа, Италија
Оливер Хербст, Универзитет во Вурцбург, Германија
Шахинда Езат, Универзитет во Каиро, Египет
Џулијан Чен, Универзитет Куртин, Австралија

PALIMPSEST
International Journal for Linguistic, Literary
and Cultural Research

PUBLISHED BY
Goce Delchev University, Faculty of Philology, Stip

EDITOR-IN-CHIEF
Ranko Mladenoski

EDITORIAL BOARD
Victor Friedman, University of Chicago, USA
Tole Belcev, Goce Delchev University, Macedonia
Nina Daskalovska, Goce Delchev University, Macedonia
Alla Sheshken, Lomonosov Moskow State University, Russian Federation
Olga Pankina, NGO Macedonian Cultural Centre, Russian Federation
Astrid Simone Hlubik, King Michael I University, Romania
Alina Andreea Dragoescu Urlica, King Michael I University, Romania
Sunčana Tuksar, Juraj Dobrila University of Pula, Croatia
Saša Vojković, University of Zagreb, Croatia
Sándor Czegledi, University of Pannonia, Hungary
Éva Bús, University of Pannonia, Hungary
Husejin Ozbaj, GAZİ University, Republic of Turkey
Öztürk Emiroğlu, University of Warsaw, Poland
Elena Daradanova, Sofia University "St. Kliment Ohridski", Republic of Bulgaria
Ina Hristova, Sofia University "St. Kliment Ohridski", Republic of Bulgaria
Joseph Ponniah, National Institute of Technology, India
Sathyaraj Venkatesan, National Institute of Technology, India
Petar Penda, University of Banja Luka, Bosnia and Herzegovina
Danilo Capasso, University of Banja Luka, Bosnia and Herzegovina
Meta Lah, University of Ljubljana, Republic of Slovenia
Namita Subiotto, University of Ljubljana, Republic of Slovenia
Ana Pellicer Sanchez, The University of Nottingham, United Kingdom
Michael Greaney, Lancaster University, United Kingdom
Tatjana Durin, University of Novi Sad, Republic of Serbia
Diana Popovic, University of Novi Sad, Republic of Serbia
Jean-Paul Meyer, University of Strasbourg, French Republic
Jean-Marc Vercruysse, Artois University, French Republic
Regula Busin, Switzerland
Natale Fioretto, University of Perugia, Italy
Oliver Herbst, University of Wurzburg, Germany
Chahinda Ezzat, Cairo University, Egypt
Julian Chen, Curtin University, Australia

РЕДАКЦИСКИ СОВЕТ
Луси Караниколова-Чочоровска
Толе Белчев
Нина Даскаловска
Билјана Ивановска
Ева Ѓорѓиевска
Марија Леонтиќ
Јована Караникиќ Јосимовска
Натка Јанкова-Алаѓозовска

ЈАЗИЧНО УРЕДУВАЊЕ
Ранко Младеноски (македонски јазик)
Весна Продановска (англиски јазик)
Толе Белчев (руски јазик)
Билјана Ивановска (германски јазик)
Марија Леонтиќ (турски јазик)
Ева Ѓорѓиевска (француски јазик)
Јована Караникиќ Јосимовска (италијански јазик)

ТЕХНИЧКИ УРЕДНИК
Славе Димитров

АДРЕСА
ПАЛИМПСЕСТ
РЕДАКЦИСКИ СОВЕТ
Филолошки факултет
ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А
п. фах 201
МК-2000 Штип

http://js.ugd.edu.mk/index/PAL

Меѓународното научно списание „Палимпсест“ излегува двапати годишно во печатена и во електронска форма на посебна веб-страница на веб-порталот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип: http://js.ugd.edu.mk/index.php/PAL
Трудовите во списанието се објавуваат на следните јазици: македонски јазик, англиски јазик, германски јазик, француски јазик, руски јазик, турски јазик и италијански јазик.
Трудовите се рецензираат.

EDITORIAL COUNCIL
Lusi Karanikolova-Chochorovska
Tole Belcev
Nina Daskalovska
Biljana Ivanovska
Eva Gjorgjievska
Marija Leontik
Jovana Karanikik Josimovska
Natka Jankova-Alagjozovska

LANGUAGE EDITORS
Ranko Mladenoski (Macedonian language)
Vesna Prodanovska (English language)
Tole Belcev (Russian language)
Biljana Ivanovska (German language)
Marija Leontik (Turkish language)
Eva Gjorgjievska (French language)
Jovana Karanikik Josimovska (Italian language)

TECHNICAL EDITOR
Slave Dimitrov

ADDRESS
PALIMPSEST
EDITORIAL COUNCIL
Faculty of Philology
Krste Misirkov 10-A
P.O. Box 201
MK-2000, Stip

http://js.ugd.edu.mk/index/PAL

The International Scientific Journal "Palimpsest" is issued twice a year in printed form and online at the following website of the web portal of Goce Delcev University in Stip: http://js.ugd.edu.mk/index.php/PAL
Papers can be submitted and published in the following languages: Macedonian, English, German, French, Russian, Turkish and Italian language.
All papers are peer-reviewed.

СОДРЖИНА / TABLE OF CONTENTS

11 **ПРЕДГОВОР**
Ева Ѓорѓиевска, уредник на „Палимпсест“
FOREWORD
Eva Gjorgjievska, Editor of “Palimpsest”

ЈАЗИК / LANGUAGE

15 **Elena Shalevska**
SENTENCE STRUCTURE IN HUMAN AND AI-GENERATED TEXTS: A COMPARATIVE STUDY

25 **Mehmet Kahraman**
SÖZLÜKLERDE ALAN ETİKETLERİNİN İŞLEVLERİ ÜZERİNE BİR İNCELEME: ‘KAZAK TİLİNİÑ TÜSİNDİRME SÖZDİGİ’ ÖRNEĞİ
Mehmet Kahraman
A STUDY ON THE FUNCTIONS OF FIELD LABELS IN DICTIONARIES: THE EXAMPLE OF “KAZAK TILINIÑ TÜSINDIRME SÖZDIGI”

37 **Марија Леонтиќ**
СИНТАГМИ СО ГЛАГОЛСКА ПРИДАВКА ВО ТУРСКИОТ ЈАЗИК И НИВНОТО ПРЕДАВАЊЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК
Marija Leontik
WORD GROUPS WITH A PARTICIPLE IN TURKISH LANGUAGE AND THEIR EQUIVALENCE IN MACEDONIAN LANGUAGE

47 **Марија Соколова**
УПОТРЕБАТА НА ПАРОНИМСКИТЕ ПАРОВИ ЧИТКО/ЧИТЛИВО И ГЕНЕТСКИ/ГЕНЕТИЧКИ
Marija Sokolova
THE USE OF PARONYM PAIRS READABLE / LEGIBLE AND GENETIC / GENETICS

55 **Hana Pelouškova**
IST DAS MULTILINGUALE KORPUS INTERCORP EINE GEEIGNETE MATERIALQUELLE FÜR KONTRASTIVE UNTERSUCHUNGEN VON PHRASEM-KONSTRUKTIONEN?
Hana Pelouškova
IS THE MULTILINGUAL CORPUS INTERCORP A SUITABLE SOURCE OF MATERIAL FOR CONTRASTIVE ANALYSES OF PHRASEME CONSTRUCTIONS?

65 **Brikena Kadzadej, Admira Nushi**
ÜBER GRENZEN HINWEG: EINE EMPIRISCHE ERFORSCHUNG DER DEUTSCH-ALBANISCHEN ZWEISPRACHIGKEIT
Brikena Kadzadej, Admira Nushi
ACROSS BORDERS: AN EMPIRICAL EXPLORATION OF GERMAN ALBANIAN BILINGUALISM

КНИЖЕВНОСТ / LITERATURE

77 **Јасмина Мојсиева-Гушева**
ПРИСУСТВОТО НА МАГИЧНИОТ РЕАЛИЗАМ ВО ПРОЗАТА НА ЖИВКО ЧИНГО
Jasmina Mojsieva-Gusheva
THE PRESENCE OF MAGIC REALISM IN THE NOVEL AND SHORT STORY OF ŽIVKO ČINGO

91 **Софија Иванова, Ранко Младеноски**
СИНОНИМНИТЕ ЖЕНСКИ ЛИКОВИ ВО МАКЕДОНСКАТА ДРАМА ОД ПРВАТА ПОЛОВИНА НА 20 ВЕК
Sofija Ivanova, Ranko Mladenoski
THE SYNONYMOUS CHARACTERS WITH THE ACTING FUNCTION OF HELPERS IN THE MACEDONIAN DRAMA FROM THE FIRST HALF OF THE 20TH CENTURY

103 **Mauro Dujmović, Sunčana Tuksar**
AI-DRIVEN COMMUNICATION: THE ROLE OF ARTIFICIAL INTELLIGENCE IN SHAPING CONSUMERISM AND SOCIAL CONTROL IN *BRAVE NEW WORLD* AND *NINETEEN EIGHTY-FOUR*

115 **Luisa Emanuele**
LA PRIGIONE DEL LUSSO E DELLA FAMA. L'IDENTITÀ FITTIZIA DA FITZGERALD ALLA CONTEMPORANEITÀ DIGITALE
Luisa Emanuele
THE PRISON OF LUXURY AND FAME. FICTITIOUS IDENTITY FROM FITZGERALD TO DIGITAL CONTEMPORANEITY

127 **Zeki Gürel**
HALİD ZİYA UŞAKLIGİL'İN NEMİDE ADLI ROMANI ÜZERİNE
Zeki Gürel
A STUDY ON HALID ZIYA UŞAKLIGIL'S NOVEL "*NEMIDE*"

135 **Lindita Kazazi, Aterda Lika**
LA TRADUZIONE DELLA POESIA ITALIANA NELL'ALBANIA DITTATORIALE – IL CASO DI NIKOLLË DAKAJ TRA LA RESISTENZA E LA PERSECUZIONE
Lindita Kazazi, Aterda Lika
THE TRANSLATION OF ITALIAN POETRY IN DICTATORIAL ALBANIA - THE CASE OF NIKOLLË DAKAJ – BETWEEN RESISTANCE AND PERSECUTION

КУЛТУРА / CULTURE

149 **Катица Ќулавкова**
НАРЦИЗМОТ НА МАЛИТЕ РАЗЛИКИ И БАЛКАНИЗАЦИЈАТА
Katica Kulavkova
THE NARCISSISM OF MINOR DIFFERENCES AND BALKANIZATION

159 **Туркан Олџај**
ПИОНЕРИТЕ НА БУГАРСКАТА ПРЕРОДБА НА СТРАНИЦИТЕ НА ТУРСКОТО СПИСАНИЕ „ШЕХБАЛ“
Türkan Olcay
THE PIONEERS OF THE BULGARIAN REVIVAL ON THE PAGES OF THE TURKISH MAGAZINE “SHEHBAL”

169 **Özge Nur Ünal**
ŞAMANİZM VE ESKİ TÜRK İNANÇ SİSTEMİNDEN İZLER TAŞIYAN BİR DÜĞÜN RİTÜELİ: TAVUK GETİRME OYUNU
Özge Nur Ünal
A WEDDING RITUAL WITH TRACES OF SHAMANISM AND THE OLD TURKISH BELIEF SYSTEM: CHICKEN FETCHING GAME

МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА / TEACHING METHODOLOGY

181 **Kamran Akhtar Siddiqui**
ATTITUDES OF BUSINESS UNDERGRADUATES TOWARDS ENGLISH-MEDIUM INSTRUCTION FOR THEIR ACADEMIC AND PROFESSIONAL CAREER ASPIRATIONS: A CASE STUDY

191 **Anastasija Anastasova, Nina Daskalovska**
LANGUAGE PROFICIENCY AND SPEAKING ANXIETY IN MACEDONIAN LEARNERS OF ENGLISH

203 **Martina Mihaljević, Maja Pivčević**
TRAITEMENT DES ERREURS ORALES EN FLE – ATTITUDES ET PRÉFÉRENCES
Martina Mihaljević, Maja Pivčević
ORAL ERRORS TREATMENT IN FLE CLASSROOM: ATTITUDES AND PREFERENCES

215 **Jonida Bushi, Ema Kristo**
DIE ROLLE DER GESCHICHTE BEIM ERLERNEN VON FREMDSPRACHEN: EIN BESONDERER FOKUS AUF DIE DEUTSCHE SPRACHE
Jonida Bushi, Ema Kristo
THE ROLE OF HISTORY IN LEARNING FOREIGN LANGUAGES: A SPECIAL FOCUS ON THE GERMAN LANGUAGE

227 **Marisa Janku**
ARBEIT MIT KÜNSTLICHER INTELLIGENZ IM DEUTSCHUNTERRICHT: EINE FALLSTUDIE AM BEISPIEL VON CHATGPT
Marisa Janku
WORKING WITH ARTIFICIAL INTELLIGENCE IN GERMAN LESSONS: A CASE STUDY USING THE EXAMPLE OF CHATGPT

235 **Kevin Simonov, Nina Daskalovska**
WHEN ARE STUDENTS AT THEIR PEAK PERFORMANCE?

ПРИКАЗИ / BOOK REVIEWS

247 **Марина Димитриева-Ѓорѓиевска**
ОПОЗИТНОСТА КАКО ОСНОВА НА РОМАНОТ „СВЕТОТ ШТО ГО ИЗБРАВ“ ОД КАЛИНА МАЛЕСКА
Marina Dimitrieva-Gjorgievska
OPPOSITION AS THE FOUNDATION OF THE NOVEL *THE WORLD I CHOSE* BY KALINA MALESKA

ДОДАТОК / APPENDIX

259 ПОВИК ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ТРУДОВИ
ВО МЕЃУНАРОДНОТО НАУЧНО СПИСАНИЕ „ПАЛИМПСЕСТ“
CALL FOR PAPERS
FOR THE INTERNATIONAL SCIENTIFIC JOURNAL “PALIMPSEST”

UDC 811.163.3’373.42
DOI: https://doi.org/10.46763/PALIM25101947s

Оригинален научен труд
Original research paper

УПОТРЕБАТА НА ПАРОНИМСКИТЕ ПАРОВИ ЧИТКО/ЧИТЛИВО И ГЕНЕТСКИ/ГЕНЕТИЧКИ

Марија Соколова
Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, С. Македонија
marija.sokolova@ugd.edu.mk

Апстракт: Поради сличниот изговор на паронимите, во нашиот јазик многу често се случува да дојде до погрешна употреба на паронимскиот пар во различен контекст. Причините за неправилна употреба на паронимите може да бидат од најразлична природа, почнувајќи најпрвин од невнимание, па неправилен изговор, недоволно познавање на јазикот и нискиот степен на образование. Во случаи кога не се знае да се употреби соодветен еквивалентен збор од мајчиниот јазик, понекогаш се употребува интернационален збор кој е сличен по звучност и по значење. Во овој труд, преку спроведена анкета, прикажана е употребата на паронимите од паронимските парови читко/читливо и генетски/генетички.

Клучни зборови: *чӣтко, чӣтливо, ге̄не̄тски, ге̄не̄тички, па̄ронӣми, па̄ронимски па̄рови, сино̄нӣми*.

1. Вовед

Во домашната литература, паронимијата главно е анализирана од теоретски аспект. Недостасуваат пообемни и подетални истражувања за одредени паронимски парови. Праксата покажува дека говорителите имаат потешкотии и често грешат при правилната употреба на паронимите.

Постојат повеќе причини поради кои доаѓа до замена на паронимските парови во современиот македонски јазик:

- неправилен изговор;
- недоволно познавање на јазикот;
- нискиот степен на образование;
- повеќезначноста на зборовите и др.

За да се утврди дали правилно се употребуваат паронимските парови читко/читливо и генетски/генетички направени се две анкети на студенти. Со анкетирањето се опфатени 444 студенти од високообразовните институции во државата, при што ***Анке̄та 1*** е пополнета од 216 студенти, а ***Анке̄та 2*** е пополнета од 228 студенти од:

- Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ – Скопје;
- Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола;
- Државен универзитет – Тетово.

Анкетите се спроведени во периодот од март до јули 2015 година. Различната местоположба на факултетите овозможува рамномерна застапеност, со што можеме слободно да кажеме дека резултатите од ова истражување подеднакво важат за целата територија на Република Македонија. Анкетирани се млади лица (студенти) на возраст од 18 до 25 години. Во испитувањето се опфатени 387 македонски студенти и 57 студенти од други националности (40 Албанци, 7 Турци, 3 Срби, 3 Власи, 2 Бошњаци, 1 Ром и 1 Американец). Од вкупниот број испитаници, 349 се од женски пол или 78,6 % од анкетираните, а 95 се од машки пол. Најбројни се студентите од факултетите за општествени науки, 393 или 88,5 % од вкупниот број анкетирани, а 51 студент се од техничките факултети. Бројната застапеност на анкетираните лица по пол, градови и факултети се дадени во табела 1 и табела 2.

Табела 1. Бројна застапеност на анкетираните лица по пол, градови и факултети во ***Анкета 1***

Град	Факултети од технички науки			Факултети од општествени науки			Вкупно машки	Вкупно женски	Вкупно
	машки	женски	вкупно	машки	женски	вкупно			
Битола	3	4	7	3	36	39	6	40	46
Скопје	11	9	20	16	54	70	27	63	90
Тетово	0	0	0	8	18	26	8	18	26
Штип	0	0	0	6	48	54	6	48	54
Вкупно	14	13	27	33	156	189	47	169	216

Табела 2. Бројна застапеност на анкетираните лица по пол, градови и факултети во ***Анкета 2***

Град	Факултети од технички науки			Факултети од општествени науки			Вкупно машки	Вкупно женски	Вкупно
	машки	женски	вкупно	машки	женски	вкупно			
Битола	1	0	1	3	28	31	4	28	32
Скопје	11	12	23	12	61	73	23	73	96
Тетово	0	0	0	10	30	40	10	30	40
Штип	0	0	0	11	49	60	11	49	60
Вкупно	12	12	24	36	168	204	48	180	228

2. Методи, техники и инструменти на истражувањето

При анализата на анкетите беа користени статистичкиот и дескриптивниот метод. Како еден од начините за одредување дали зборовите се пароними или не беше користен методот на супституција. За спроведување на испитувањето беше користена техниката анкетирање. Со употреба на две посебни анкети се овозможи тие да бидат кратки, а сепак да бидат опфатени поголем број различни пароними.

Пред почетокот на анкетата студентите беа запознаени со предметот, целите и задачите на анкетата. Им беше дадено појаснување како да се одговара и беа замолени за објективност при одговарањето без да се договараат.

Анкетата беше анонимна. Со ова се влијаеше на објективноста при одговарањето.

Од испитаниците се бараа следниве податоци: име и место на факултетот, националност, место и година на раѓање, датум и пол. Овие податоци ни беа потребни за да можеме да направиме подетална статистичка анализа на истражувањето.

Дополнително, за ова истражување користени беа: ТРМЈ – Толковен речник на македонскиот јазик (I-VI том) во издание на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, РМЈ – Речник на македонскиот јазик од Зозе Мургоски, РМЈС – Речник на македонски јазик со српскохрватски толкувања (I-III том), ПР – Правописен речник на македонскиот литературен јазик од Кирил Конески, СЛ – Современ лексикон на странски зборови и изрази од Љубо Миќуновиќ и др.

3. Резултати од истражувањето

Двете анкети беа успешно спроведени бидејќи наидовме на одличен прием од страна на испитаниците. Генерален заклучок е дека анкетираните (студентите) многу полесно ги одговорија прашањата што беа со заокружување, дополнување и поврзување отколку со пишување, односно толкување.

Паронимите се едни од потешките зборови во македонскиот јазик. Често не им се знае нивното точно значење и доаѓа до нивна погрешна употреба. Таков е и случајот со паронимскиот пар *чӣтко/чӣтливо,* што може да се види од табела 3.

Табела 3. Добиени одговори за „читко“ и „читливо“

Одговор	**Факултети од технички науки**	**Факултети од општествени науки**	**Машки**	**Женски**	**Вкупен број на одговори**
читко напишано	21	95	18	98	116
читливо напишано	6	78	24	60	84
неодговорено	0	16	5	11	16

Во случајот со парот на зборови ***читко*** и ***читливо***, резултатите од анкетата покажуваат дека 53,7 % од анкетираните како прилог за зборот напишано го употребиле зборот ***читко***, а 38,9 % го употребиле зборот ***читливо***. Прилично се поделени одговорите за употребата на овој пар зборови. Дали резултатите навестуваат дека овие зборови претставуваат пример за синоними, бидејќи значењето на двата збора им е слично? Ова го потврдува и ТРМЈ (2014) каде стои:

читко ***прил***. в. читливо.

читлив (читливо), читливиот ***прид***. Што може лесно да се чита.

Според ова, двата збора се заменливи во ист контекст и сосема е сеедно кој збор ќе го употребиме. Пораката ќе биде јасно пренесена и во едниот и во другиот случај.

Но, дали прилозите ***читко*** и ***читливо*** можеме да ги разгледуваме единствено како синоними? Анализирајќи ги одговорите се поставува прашање кон што нè упатува постоењето на разлика во одговорите помеѓу ***читко*** и ***читливо***? Зошто поголем број од студентите повеќе се определиле за ***читко*** отколку за ***читливо*** (в. слика 1)? Сметаме дека причина за ова е јазичната економија, односно од два збора кои слично звучат, а исто значат најмногу и најчесто се употребува пократкиот збор, односно зборот со помалку букви (во случајот ***читко***).



Слика 1. Процентуална застапеност на добиените одговори за „читко“ и „читливо“

Практично гледано ***читко*** и ***читливо*** можеме да ги разгледуваме и како пароними. Праксата покажува дека ***читливо*** се употребува кога е во прашање разбирливост на ракописот, а ***читко*** кога е во прашање разбирливост на четиво, лекција, книга. Според ова, тие се незаменливи едни со други во ист контекст. Да ги разгледаме следниве примери:

Писмената работа беше ***читливо*** напишана. Четивото од учебникот беше ***читко***.

Метафоричното значење се врзува само за придавката ***читко***, додека примарното значење останува на придавката ***читливо***. Незаменливоста на зборовите едни со други е доволен услов парот зборови ***читко*** и ***читливо*** покрај синоними да ги сметаме и за пароними. Ова само потврдува дека тешко може да се постави граница помеѓу синонимите и паронимите.

Честопати еден ист пар на зборови може да бидат и пароними и синоними, зависно од тоа како се гледа на нив.

Сега се наметнува прашањето, зошто тогаш да употребуваме два слични збора за иста работа? Не би требало да бидеме престроги во однос на ова прашање, бидејќи тоа е, всушност, шаренилото, богатството на еден јазик. Не треба да заборавиме дека јазикот е отворен систем кој временски е подложен на промени. Така, некои зборови кои поретко или воопшто не се употребуваат исчезнуваат, додека нови се воведуваат. Тоа е долготраен процес. Воведувањето нови зборови, најчесто интернационализми, е поради немањето соодветни наши зборови, особено во сферата на информатичката технологија.

Дополнително, разгледана беше и употребата на паронимскиот пар ***ѓенетски/ѓенетички***, што може да се види од табела 4.

Табела 4. Добиени одговори за „генетски“ и „генетички“

Одговор	**Факултети од технички науки**	**Факултети од општествени науки**	**Машки**	**Женски**	**Вкупен број на одговори**
генетски код	20	138	35	123	158
генетички код	4	48	9	43	52
неодговорено	0	18	4	14	18

Околу неразбирањето и неразликувањето на паронимските парови голем удел имаат и речниците. Доколку се погледнат трите веќе постоечки речници во македонскиот јазик: ТРМЈ (2003), РМЈ (2005) и ПР (1999), може да се забележи дека тие не се целосно усогласени.

- Во ТРМЈ (2003):

генетски нема

генетички, генетика ж. (биол., мед.) Наука за развитокот на организмите, наследувањето на определени особини и нивна применливост. ***Хумана ѓенетика***. ‖ генетички, генетичкиот прид.



Слика 2. Процентуална застапеност на добиените одговори за „генетски“ и „генетички“

- Во РМЈ (2005):

генетски прид. (и генетички) **1.** што се однесува на генетика или гени, наследен генетски материјал. **2.** од, за, во или што се однесува на настанок или зачеток. • **генетски инженеринг** видоизменување на особините на еден организам со манипулирање на генетскиот материјал. **генетски отпечатоци** анализа на ДНК од ткивото или течностите на телото, со цел да се изврши идентификација на лицето или лицата итн. **генетски *прид.***

генетички нема

← Во ПР (1999):

генетски (од ***ѓенеза***)

генетички (од ***ѓенетика***)

Всушност, во ТРМЈ (2003) немаме толкување за зборот ***ѓенетски***, а имаме толкување за зборот ***ѓенетички***. И обратно, во РМЈ (2005) имаме толкување за придавката ***ѓенетски***, но немаме толкување за придавката ***ѓенетички***.

Толкувањето на придавката ***ѓенетички*** од ТРМЈ (2003) е многу слично со толкувањето на зборот ***ѓенетски*** во РМЈ (2005).

Што вели спроведената анкета?

Од вкупно анкетираните, 69,3 % одбрале ***ѓенетски*** код, наспроти 22,8 % кои одбрале ***ѓенетички*** код. Мал број од студентите, 7,9 % не знаеле да направат разлика помеѓу овие две придавки и не го одговориле прашањето.

Се согласуваме со ПР (1999) во однос на тоа дека во македонскиот литературен јазик постојат и се употребуваат и двата збора и ***ѓенетски*** и ***ѓенетички*** (в. слика 2). Но, дали овој пар на зборови претставуваат пароними?

Факт е дека парот ***ѓенетски*** и ***ѓенетички*** звучат слично, но сосема погрешна порака би се пренела доколку се заменат. Нивната замена би го променила контекстот на реченицата. Затоа тие се незаменливи во ист контекст. Ова јасно ги прави пароними.

Според истражувањата на Б. Тафра (Tafra, 2005) услов два збора да претставуваат пароними е тие да се истокоренски зборови или да имаат иста зборообразувачка основа. Во нашиот случај ***ѓенетски*** потекнува од ***ѓенеза*** (генетски < генеза), а ***ѓенетички*** потекнува од ***ѓенетика*** (генетички < генетика). Значи, ***ѓенетски*** и ***ѓенетички*** не се синоними, иако многу често им се меша употребата.

Паронимите креираат паронимски гнезда. Но, што е со ***ѓенски/ѓенетски***, како и ***ѓенетски/ѓенетички***? А ***ѓенски/ѓенетички***? Дали и тие се пароними? Сметаме дека овие парови исто се пароними. Единствено што парот ***ѓенски/ѓенетички*** поради големата звучна и графолошка разлика би го сметале за нетипични (делумни) пароними.

Во нашиот литературен јазик не постои збор ***ѓенски***, но сметаме дека би требало да се диференцира таков збор чијшто корен би бил зборот ген (***ѓенски*** < ген). Да ја погледнеме реченицата:

Генските мутации можат да биоат наследени од родителите или да се стекнат за време на животниот тек на единката.

Сепак, при дефинирање на значењето на стручните зборови мора да се консултираат соодветните стручни лица за да не дојде до пренесување на погрешна порака.

4. Заклучок

Двете анкети успешно беа одговорени од страна на испитаниците. Забележавме дека некои пароними се доближуваат до синонимите, но сепак не може секогаш да се употребат и двата збора во различен контекст, а тоа всушност и ги прави да бидат пароними. Од анкетата може да се забележи дека поголемиот број испитаници можат да ја разграничат употребата на читко/читливо и генетски/генетички кога треба да направат поврзување со даден збор, но има и испитаници кои не го разграничуваат значењето на дадените паронимски парови.

Користена литература

Вишнякова, О. В. (1984). *Паронимы в русском языке*. Москва: Высшая школа.

Вишњакова, О. В. (1987). *Паронимы современного русского языка*, издание второе, переработанное и дополненное. Москва: Русский язык.

Драгићевић, Р. (2007). *Лексикологија српског језика*. Београд: Завод за уџбенике.

Тафра, Б. (2005). *Od riječi do rječnika*. Zagreb: Školska knjiga.

ТРМЈ (2003) – Толковен речник на македонскиот јазик, том I, А – Ж. Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“.

ТРМЈ (2014) – Толковен речник на македонскиот јазик, том VI, Т – Ш. Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“.

Marija Sokolova

Faculty of Philology, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia

The Use of Paronym Pairs Readable / Legible and Genetic / Genetics

Abstract: Due to their similar pronunciation, paronyms in the Macedonian language are often used incorrectly in different contexts. The reasons for the incorrect use of paronyms can be of a very diverse nature, starting first from carelessness, then incorrect pronunciation, insufficient knowledge of the language and a low level of education. In situations where an appropriate equivalent word in the native language is unknown, speakers often resort to using an international word that sounds and means something similar. This paper uses a survey to examine whether the paronym pairs “readable” / “legible” and “genetic” / “genetics” are used correctly.

Keywords: *readable; legible; genetic; genetics; paronyms; paronym pairs; synonyms*.

ГОД. 10
БР. 19

ПАЛИМПСЕСТ

PALIMPSEST

VOL. X
NO 19